ЈОВ. Ф. ТРИФУНОСКИ

# СЕЛА КОИ СЕГА НЕ ПОСТОАТ ВО ПОЛОГ

---

# LES VILLAGES QUI N'EXISTENT PLUS EN POLOG

PAR

JOV. F. TRIFUNOSKI

Примено на 19-VIII-1948 г.

ЈОВАН ТРИФУНОСКИ

# СЕЛА КОИ СЕГА НЕ ПОСТОАТ ВО ПОЛОГ

„Да би могле да го проучиме нашиот народ, пред се́ требе да ги познаваме неговите населби".

*А. И.*

## А. Наблудавање (Горни Полог)

*Горно Фалише.* — Селото се навог'ало околу 3 км на запад од Стенче; лежело на котлинското дно лево од Вардар[1]).

Горно Фалише било старо село, оти се споменува 1461 или 1462 година. Тогај, во пресудата на кадијата, со која е потврден вакуфот на Мехмед бег во Тетово, се наведува во Горни Полог на котлинското дно мезра Папрад. Од кон четвртата страна она била ограничена со патот што водел од Горно Фалише за Пиргос[2]).

Горно Фалише било населено со православно македонско население и имало две цркви посветени на св. Атанасија. Св. Атанасија бил и селски сведен. Крај селото водел пат од Горни Полог за Долни („Скопски Пат"). Затоа Горно Фалише, како што се прикажува, било изложено на напади и населението по број опаднувало. Околу 1870 година Горно Фалише било чифчиско село со околу 30 македонски кук'и. Тогај муслиманските власници (биле „сароши и пијаници") земјата заедно со кук'ите ја распродале на околните поимотни селани (од Стенче, В'лковија и Чегране). След тоа населението од Горно Фалише морало сосем да се исели, оти новите власници местото дека лежело селото го претвориле во ниви.

---

[1]) При читањето на работава читачот требе да се служи со карта (секции: „Гостивар—Кичево" и „Качаник") размер 1 : 100.000.

[2]) Гл. Елезовић: Турски извори за нашу историју, „Јужна Србија", Скопље 1922, Број 11, стр. 132. — Турците мезра викаат зиратна земја во едно село која припаднува на сопственици од друго село (објаснување на Гл. Елезовиќ).




Карта па селата кои сега не постоат во Полог.

Сега се памтат некои горно-флашки фамилии и соеви кои преминале во Стенче, Тумчевиште[3]) и Тетово. Во Стенче прешле: Анг'еле, Петре, Дамњан и Огњан. Нивните фамили таму изумреле, осем една стара жена од последниов со̂ј (Трпејца, стара околу 75 години). — Во Тумчевиште се иселие Ивановци, али и они таму изумреле. — Во Тетово живее горно-фалишко население од сој Билбиловци. — Се прикажува оти имало други иселеници од Горно Фалише во Радијовце, Врапчишта и В'лковија.

На местото дека лежело Горно Фалише сега се познава очувана црква св. Атанасија[4]), постоат урнатини од друга црква посветена на истиот светец (на место викано Крс), темели од кук'и и гробје (се виг'аат плочи и по некои крс). На гробјето иселеното население до скоро доаг'ало да пали свек'и. За очуваната црква св. Атанасија сега се грижат селаните од Стенче, на кои им припаднал поголемиот дел од синорот. Околу оваа црква, до преди дваесет години, на ден од светецот се одржувал голем собор. Тогај доаг'але селани од околните населби (од Стенче, В'лковија, Сенокосе, Теново, Тумчевиште и други) и трговци кои приредувале пазар. По празниците во горно-фалишката црква понапред редовно доаг'ало населението од Тумчевиште.

*Смрдеш.* — Смрдеш сега е пусто селиште, кое се наог'а на ртот од Суа Гора источно и над В'лковија. Селото точно било на местото дека се в'лковските бачила мег'у возвишењата Голем Присој (1399 м) од кон север и Тумба (1233 м) од кон југозапад.

Смрдеш било населено со *православно* македонско население. Имало околу 40 кук'и и црква. Во него селаните се занимавале со сточарство, планинско земјоделие и шумарство. Околу средината на 19 век, како се прикажува, селото „со зулум" било расселено[5]). Преживеното население се иселило во В'лковија (Шабановци 3 к), Теново (Војновци, 4 к), Скопје, Белград и на други места. Шабановци во В'лковија слават Г'ург'овден. Таму од Смрдеш се доселил прадедо на денеска жив Ацета (стар 50 години). Во исто време се иселиле и Војновци во Теново.

На местото дека лежело селото сега се познаваат ниви, гробје со ретки крстои и плочи, темели од кук'и и четири бунари. Во едниот бунар водата не пресушува преку цела

---

[3]) Селата, при кои не е означена областа дека се наоѓаат, лежат во Полог.

[4]) Црквата е означена и на карта, секција „Гостивар—Кичево", размер 1 : 100.000.

[5]) 1896 година Ѓ. Петров забележил кажување по кое Смрдеш го опустошил некој јунак Сугаре од поречкото село Требовље (Материали за изучванието на Македония, София 1896, стр. 57—58).

година. По опустошувањето на Смрдеш, селскиот синор го присвоиле муслимани, што имале чифлици во Тумчевиште. Подоцна тоа земјиште го откупиле селаните од соседното село В'лковија.

*Русино.* — Сега пусто селиште на границата од синорите мег'у Сушица и Симњица. Местото дека лежело селото се наог'а крај патот што води од Гостивар за Церово. Тоа е пополема рамнина со ниви, има два извора, остатоци од споредни згради (плевни), кук'и и гробои. Топографските имиња за потесите се: Русино, Русински Племњи, Лек'иште и Г'уров Дол.

Општа е традиција во околните населби (Сушица, Церово) дека Русино било православно македонско село. По кажување, него го уништиле „Турци" преди повек'е од „двесте години". Едни селани, како се верува, од Русино избегале во Војводина, а другите основале ново село во близината на денешна Сушица (околу 1 км кон исток) на местото сега викано Кук'ишта. Но доселениците од Русино тука догло не се задржале, оти крај Кук'ишта водел пат од Гостивар. Затоа селаните од Кук'ишта, преди околу 180 години, прешле на ново место дека основале денешно поскривено село Сушица[6]).

Во Сушица сега постоаат соеви кои го знаат своето потекло од Русино. Тие се: Огњановци (2 к), Грујовци (2 к), Крстевци (4 к) и Неделкоски (13 к). Огњановци имаат иселеници во Вруток, Софија (2) и Смедерево (1). Грујовци имаат една фамилија во Смедерево, а Крстевци една во Скопје.

След раселувањето на село Русино и Кук'ишта, земјишните потеси околу нив во најголем дел припаднале на населението од Сушица.

*Грнчаре.* — Сега пусто селиште на синорот од село Митроикрсте, крај патот Гостивар—Кичево. Општа е традиција дека Грнчаре било село (околу 600 м) подолу од Митроикрсте) со растурен тип. Неговото население било православни Македонци и, покрај останалите занимања, они се бавеле уште со грнчарство. Глина за преработување копале на место Грнчароо, над денешно село Митроикрсте. Али еднаш (преди околу 180 до 200 години) село Грначе го нападнале Турци .Селаните нападачите ги потепале, но плашејк'и се од освета сите од населбата се иселиле. Едни исе-

[6]) Предполагањето на М. Пурковиќ да спомнувањето на една Сушица од 1389 година може би да се односува „на село Сушицу код Гостивара" е невозможно (види: Попис села у средњевековној Србији, Годишњак Скопског Филозофског факултета IV, Скопље 1940, стр. 146).

леници, како што се мисли, прешле во области северно од Сава и Дунав.

Со селските иселеници, по кажување, избегале и бра-к'ата Митре и Крсте. Они, како деца, долго лутале по други области. Кога пораснале брак'ата се вратиле во старото село. Не тогај, од селото не нашле ништо, и затоа они основале ново село над него на поскривена положба. Новооснованото село, по основателите, добило име Митроикрсте.

Селото Грнчаре имало и црква. Она се наог'ала над село и била посветена на св. Димитрија, оти на истиот светец, доселениците од соседното Митроикрсте, е посветиле новата црква соградена на нејзините темели.

По раселувањето на Грнчаре неговото селиште и останалиот синор го присвоиле селаните од новооснованото соседно село Митроикрсте.

*Бркињоо.* — Селото лежело на границата од денешните синори мег'у Куново и Србиново.

Општо се прикажува дека тука било село. Оно било населено со православно македонско население, кое подоцна „од зулум" се раселило. Селаните од Бркињоо со еден дел преминале во Куново, дека основале нова населба, а другите се иселиле во Србиново.

Од Бркињоо во Куново се населиле овие соjеви: Бежановци (4 к, св. Арх. Михаило), Костовци (7 к, св. Арх. Михаило), Илиевци (8 к, св. Арх. Михаило), Терзиевци (3 к, св. Арх. Михаило), Велjановци или Белковци (3 к, св. Арх. Михаило), Уковци или Пандиловци (4 к, Петковден), Велjановци (5 к, Петковден), Jаневци или Мицевци (3 к, Петковден) и Давидовци (1 к, Петковден). Не се знаат имињата на соевите што прешле во Србиново; тамо нивните потомци не се очувани денес.

На местото дека лежело старото село Бркињоо сега постои истоимено топографско название. Нивите од раселеното село му припаг'аат на населението од Куново. Остатоци од населбата сега не се познаваат, што е белег дека селото било релативно рано раселено.

*Пеклиште.* — Пеклиште сега е пусто селиште. Оно се наог'а на преслапот преку кој води пат од Гостивар за Порече, околу 3 км североисточно од Трново (на граница со село Волче во Порече). Името на селото постанало по тоа што неговите селани „пекле вар". Околните имиња за земјата се: Лескоец, Каф Киша (Црква на преслап), Полце, Шаро, Согорје, Клетиште, Врток и други.

Се прикажува дека селото Пеклиште било населено со православно македонско население. Оно имало црква на место

денеска викано Ќаф Киша. Тука се познаваат слаби остатоци од храм и околу него се гробови[7]). Недалеку од местото дека била црквата се виг'аат остатоци од кук'и и од сточарски клетои. По кажување, забележено во Куново и Белоиште, село Пеклиште пропаднало од некоја турска војска. Она во Полог влегла преку Порече и првата борба со полошките Македонци ја водела на Пеклиште. Се прикажува дека опустошувањето на селото било одамнешно и затоа денес не се памти да ли е неговото население во борба уништено или раселено.

Земјиштето, на кое лежело село Пеклиште, сега е обрастено со букоа и нешто мало чатинарска гора. Оно припаѓа на државата и на населението од село Трново.

*Пилигринце*. — Пилигринце е сега пусто селиште; се наог'а на котлинското дно околу 3 км источно од Зубовце. Општа е традиција дека некогаш Пилигринце било македонско село, али подоцна оно се раселило. Како причина за раселувањето се наведува што крај населбата водел „Алабачки Пат" по кој патувале „дервиши". Тие влагале во селото и чиниле „зло". По одобрение на некој паша, селаните од Пилигринце преминале на место дека е денешното село Зубовце и тука во шумата основале нова населба.

Денес се знаат и имињата на некои соеви кои живеале во Пилигринце па после от таму дошле во Зубовце. Тие се: Г'ег'иновци (3 к, св. Варавара), кога живеале во Пилигринце нивниот стар Г'ег'ина залепил свек'а на една желка мислејк'и дека е она св. Марија. Желката со се свек'а се завлекла под снопје и ги запалила. Г'ег'ина тога викал: „Ти пали, ти гасни св. Маријо". – Ѓоневци (3 к, св. Варвара), се грана од сој Г'ег'иновци. — Кочовци (19 к, св. Варвара), за нив се прикажува ова. Еднаш во Пилигринце Г'ег'иновци работеле на поле крај пат. Тука заминале Цигани кои им го промениле детето на овие: зеле г'ег'иновско поарно, а на место него оставиле свое „циганско". Од тоа дете подоцна се намножил сој Кочовци. Една нивна фамилија од Зубовце преминала во Гостивар. — Поповци (11 к, св. Варвара и св. Никола), пред да се доселат во Зубовце нивните стари живеале во Пилигринце. Од овој сој две фамилии се иселени во Бугарија и една во Куршумлија.

На Пилигринце сега не се познаваат остатоци од населба. Тоа е веројатно белег дека е селото доста рано раселено. На местото дека лежело Пилигринце сега се ниви своина на селаните од Зубовце.

---

[7]) Ѓ. Петров 1896 година забележил дека над селото Трново, во планинскиот дел, постои стара разурната црква со гробои крај неа (Материали..., стр. 57). Веројатно е дека тоа се однесува на остатоците од храмот во Пеклиште.

*Катрање.* — Сега пусто селиште 700 до 800 м северно од Пожаране. Тука селото лежело на блага шар-планинска падина. Земјиштето е добро инсолирано, покриено со плодни пластови и обрастено со бујна вегетација. Вода за пиење се добија од извори. Околу селиштето се топографски имиња: Катрање, Будимоо, Будимоа Ливада, Соколец, Девич, Раулки, Балабаница.

Катрање било стара населба. Во пишани извори оно се споменува 1461 или 1462 година. Тога во пресудата на кадијата потврден е вакуфот на Мехмед бег за месџидот кој се наог'ал во Теке Маало во Тетово. Во пресудата, поред останалите имоти што биле вакуфски, во Полог на еден ист комплекс биле увакуфени селата Галате, Пожаране, Катрање (запишано Катраница) и Прошовце[8]). Осем Катрање, останалите села и сега постоат во близина и со исти имиња.

По народната традиција Катрање било православно македонско село и оно постепено се раселувало во текот на 19 век. Се прикажува и за селските соеви. Султановци, Пројковци, Јосифовци, Бојчиновци (2 к) и други се иселиле во Тетово. — Последни од Катрање отишле Смилковци (5 к, Митровден). Они сега живеат во Пожаране. Смилковци се иселиле мег'у 1890 и 1900 година. Тогај некои муслимани им ја запалиле кук'ата во Катрање (Илија, жив 65 години, во Катрање се родил и се оженил). Од Смилковци има иселени фамилии во Тетово (2), Куманово (1) и Цариград (3).

На местото дека било Катрање сега се ниви и овошни градини. Они припаг'аат на селаните од Пожаране. Како видни остатоци од населба очувани се гробови и кук'ни темели.

Северно од селото постоела катрањска црква св. Спас. Тука се сега ниви во кои се ископуваат црепои. Се прикажува дека понапред селаните од Катрање и Пожаране на ден од светецот секоја година доаг'але со попои околу црквиштето. Црквената слава св. Спас била во исто време и заедничка слава на сите катрањски соеви.

До црквиштето е возвишење Соколец, а во неговото подножје се гледа мала пештер. Во време на пролетни празници тука народ и сега се збира, а нарочно Цигани на Г'ург'овден. Сите они се провлечуваат (нарочно нероткињи) низ пештерот, палат свек'и и оставаат пари.

*Поточане.* — Сега е пусто селиште во шар-планинскиот Подгор мег'у Сенекосе и Градец. Селото топографски било врзано за дно на една долина низ која повремено тече поток.

[8]) Гл, Елезовић: Спомнатото дело, стр. 130, 131.

Околу селиштето се топографски имиња: Поточане, Црквиште, Лозја, Каменик, Бунари, Погоње, Желкарник.

Село Поточане било стара населба. Историски се споменува во првата половина на 14 век. Тогај, според останалите имоти во Полог, се наведува дека призренската епископија имала посед „уз цркву св. Врачи у Поточама и у пронијарском селу Ђурђевиштима“ [9]) Село Г'ург'оиште и сега постои на Шар-Планина више Поточане.

Денес не е можно точно да се одреди кога е Поточане раселено. На земјиштето, на кое лежело селото, православните селани од Сенокосе копајк'и нашле на остатоци од ѕидои и на една црква (се познавале темели и скали). Црквата лежела од северна страна крај селото, на место дека сега се гледаат неколку непресечени дрва. Веројатно е селото прилично рано раселено.

Поточане било населено со православно македонско население. По едно кажување оно оттаму се раселило заради тоа што во селото надошол порој што ги разрушил кук'ите. Други прикажуваат дека селаните од Поточане се иселиле „од зулум“. По кажувањето на Јандро Јанокоски од Тетово (роден во Градец) 1937 година постоел еден работник во белградската ложилница кој наведувал дека неговите стари таму дошле од полошко село Поточане. Од Поточане води потекло и поисламениот сој Оџол (1 к), кој сега живее во Градец. За нив се кажува дека нивните стари во Поточане имале голем посед. Во Градец отишле доста рано и од како се таму дојдени па до денес они постојано биле „една кук'а“.

Синорот од селото Поточане на котлинското дно, после раселувањето, припаднал на доселените муслимани во соседните села Градец и Сенокосе. Синорот на шар-планинската падина сега е својина на доселени муслимани од селата Г'ург'оишта и Горјане.

*Драгош.* — Сега е пусто селиште. Се наог'а источно од Пирок на котлинското дно близо патот што води за Гостивар.

Општа е традиција дека понапред Драгош било село и населено со православно македонско население. Подоцна во Драгош настапил „зулум“ од чести муслимански минувачи и затоа сето население од селото поступно и потполно се иселило.

На местото дека било селото сега се ниви, а околу нив има врбоа и јелоа шума. По кажување, тука се познава сел-

[9]) Р. М. Грујић: Полошко-тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник Скопског научног друштва, књ. XII, Скопље 1933, стр. 43.

ска воденица, селски извор, а доскоро имало остатоци од гробои и кук'и.

Дека е раселено населението од Драгош околните муслимански селани многу не знаат или не кажуваат. Се наведува едино сојот Д р а г о ш и (10 к), кој сега живее како поисламен во Пирок.

Пред неколку години на местото дека лежело селото постоела една голема камена плоча. Плочата, велат, ја зел некој Авдија од Градец, али она опет „сама се вратила" на старото место.

По опустошувањето на селото Драгош, сиот селски синор им припаднал на доселените муслимани што живеат во најблиското село Пирок.

## *Б. Наблудување (Долни Полог)*

*Злокук'ане.* — Сега пусто селиште на околу 1 км северозападно од Јегуновце. По кажување на околните селани, тука се наог'ало село од кое останале православни гробја, има темели од кук'и, црепои и земјени садои.

За Злокук'ане се знае и по пишани извори. 1470 година Кјебир Мехмед бег, син на Гази Иса бега од Скопје, им подарил на двајца свои синои, според останалите имоти во Полог, една ливада на синорот од Злокук'ане, што лежела под село. Ливадата ја купил од жителите на спомнатото село. Она се граничела „с једне стране путем, с две стране реком, једна јој је страна ... ток Вардара" [10]).

Не се знае кога е Злокук'ане раселено ни што било со неговото население. Веројатно е дека опустошувањето на селото е извршено доста рано, оти кај околното население традицијата за тоа не е очувана. Земјиштето, на кое лежело селото, најмногу го присвоиле муслиманските чифчиски власници од Јегуновце. На тоа место сега се ниви и еден извор (на отсекот од тераса).

*Селиште.* — Селиште понапред било село на околу пол саат одење над денешното Старо Село кај Вратница. Тука населбата лежала на шар-планиската падина високо околу 950 м. Преку Селиште води пат, кој доаг'а од Старо Село, за Љуботен.

По традицијата кај населението во соседното Старо Село не се знае како се викало селото на Селиште, ни дека е населено неговото население по раселувањето.

Во првата половина на минатиот век, по патот од Теарце за Љуботен А. Г р и з е б а х (A. Griesebach) споменува село

---

[10]) Гл. Елезовић: Вакуфија џамије Кјебир Мехмед Челебије ..., Гласник Скопског научног друштва, књ. I, св. 2, Скопље 1926, стр. 458.

С т р и н и ц а (Str.niza). Како стои во описот. Стриница по населението било православно село и лежело на пол саат одење во правец од Старо Село за Љуботен[11]). Може би да тој спомен се однесува на оваа населба.

А. С е л и ш ч е в наведува дека во овој крај (Долни Полог) не постои село со такво име (Стриница) и затоа он мисли дека споменот од Гризебаха би могол да се однесува на Вратница[12]). Ова не е веројатно не само заради тоа што се не поклопува името на селото, туку и по положбата што Вратница на патот за Љуботен доаг'а преди Старо Село.

Крај Селиште лежи потес викан Кук'ериште. На обете овие места сега остатоци од згради не се познаваат. След раселувањето на населението, делоите од синорот припаднале на соседното Старо Село. Они сега се делат по старо-селските сопстевници на Велјаноско или Горно и на Јањоско или Долно Селиште.

*Моравце.* — Сега пусто селиште на околу 800 м западно од Вратница. Тука се гледа рамнина, која е сега со ниви и околу нив се шуми. Топографски имиња за потесите се: Моравце, Лески, Венци и Клаг'е.

Општа е традицијa кај селаните во Вратница дека Моравце било старо македонско село. Подоцна оно во некоја војна сосем опустело: кук'ите во селото биле разурнати и селаните на разни страни иселени.

Се мисли дека по опустошувањето на селото некои соеви од Моравце преминале да живеат во села на Косово, околу Гњилане и во Скопје. Со нивното иселување крајот околу Моравце останал пуст и земјиштето необработено. Затоа турските власти станале да трагаат за иселените селани и „со сила“ да ги врак'аат во крајот од дека се иселиле.

Се прикажува дека повратените соеви се населиле на местото дека е сега Вратница, недалеку од Моравце. Затоа што они биле „вратени”, се верува дека постанало името на нивната новоснована населба Вратница.

Денес во Вратница се знаат соеви кои понапред живеале во Моравце. Тие се: К о с т а н а к' е в ц и (26 к), С т е п а н о в ц и (22 к), П а п у џ и и н и (11 к), К р а г у љ е в ц и (9 к), М а ш к о к' е в ц и (16 к), Д а б о к' е в ц и (7 к), В а с и љ е в ц и (11 к), К о е к' е в ц и (24 к), М о ј с и к' е в ц и (7 к), М у л о в ц и (1 к), С т а н и с а в ц и (6 к), Т о д о р о в ц и (8 к) и П е ј о в ц и (5 к). Споменатите соеви највише слават св. Петка, после св. Никола и св. Арх. Михаило.

Времето кога е Моравце опустено може приближно да се одреди по традицијата која е очуван во сојот Папуџиини.

---

[11]) Reise durch Rumelien und nach Brusa, II, Göttingen, стр. 252, 253. — Цитирано по А. М. Селищев: Полог..., София 1929, стр. 54, 55.

[12]) А. М. Селищев: Спомнато дело, стр. 54, 55.

Кога нивните стари живеале во Моравце, тогај настапила „некоја војна“ и во нивната кук'а дошле јаничари кои „сакале жени“. Поради тоа сите домашни избегале во Скопје дека двајца нивни стари, кои биле брак'а, постанале папуции. Тоа могло да биде преди околу 220 години: Ристо, жив 72 години-Димо-Јанко-Анг'еле-Брајко-?-?, се верува дека дедото на Брајка бил папуџија. Подоцна брак'ата решиле да се вратат назад. При врак'ањето еден од нив за стално се задржал во Копачин Дол (сега муслиманско село во Скопски Дервен) дека се оженил. Другиот брат дошол во Вратница која е тогај основана. Од него водат потекло денешните селани викани, по тоа со ошто се бавел основателот на сојот, Папуџиини.

На местото дека било Моравце сега не се познаваат остатоци од населба. Тоа е исто така белег дека е селото релативно рано раселено. Врз оснoа на се тоа возможно е да се предполага дека е Моравце уништожено за време на аустротурската војна 1689—1690 година. Тогај сигурно настрадале и многу други полошки населби. Земјиштето на кое лежело селото сега е својина на селаните од Вратница.

*Селце*. — Сега пусто селиште на околу 2 км над Одри. Селото било планинско: лежело лево од Одранската Река на висина од околу 1000 м. Топографски Селце било врзано за една рамнина на која се сега ниви. Имињата за потесите во тој дел се: Селце, Присој, Кошаришта, Бачилиште, Воденичиште.

Општа е традицијa кај населението во соседното село Одри дека Селце било старо македонско село. Во него постоела црква, околу неа имало гробје, а покрај реката се нaог'ала селска воденица (на местото викано Воденичиште). Остатоци од храмот и денес се распознаваат. Кога и заошто е извршено опустошување на селото во традицијата е непознато.

Опустошување на селото се чини дека да е извршено релативно доста рано. Ова се гледа и по тоа што денес, осем за еден сој, не се знае што било и дека се иселени останалите селани. Од Селце иселени се О г њ а н о в ц и (3 к, св. Димитрија), кои сега живеат во Одри. Од нив понапред воделе потекло девет попои. Се мисли дека и некои други соеви по раселувањето на Селце преминале во Одри и на други страни. Може би да се со такво потекло некои денешни одрански постари соеви, а и Т а в р џ и ј и н ц и или Т е т о в љ а н и (25 к), кои сега живеат во Селечка (Тимок); они тому дошле од место Селце во долно-полошкиот крај[13]).

[13]) М. Станојевић: Тимок, Насеља и порекло становништва, књ. 29, Београд 1940, стр. 505.

По раселувањето на Селце, неговиот синор со зиратното земјиште, пасиштата и шумите станале својина на соседното подпланинско село Одри.

*Крушојца.* — Сега пусто селиште; се наог'а околу 1,5 км на кон југ од Долно Седларце. Тука на котлинското дно постои малу издигнато земјиште (тумба) викано Крушојца. Оно е под ниви. Селаните, кога ја обработуваат земјата, најдувале на остатоци од ѕидои, црепои и грнчарија (к'упои). На местото Крушојца постои и еден голем истовикан извор.

По народната традиција, на ова место било мало село, кое е подоцна раселено. По раселувањето на селото, на земјиштето Крушојца до 1912 година имала ниви во посед текијата од Тетово. Освен текиското земјиште, тука уште од понапред поседувале ниви и власници од околните населби (највише од Долно Седларце, Брвеница и Камењане).

Дека на местото Крушојца имало село постои јасна потврда и во пишани извори. Таков спомен датира од 1795 година кога Реџеп паша од Тетово, според останалите имоти во Полог, увакуфил „у селу Крушојца" во тетовскиот срез „три парцеле баште". Вакуфот бил одреден за тетовската текија. После горното наведување, во вакуфијата следува попис на останалите имоти што лежеле близу до текијата во Тетово[14]).

Сосем е сигурно дека горниот спомен се однесува на Крушојца кај Долно Седларце. Друга Крушојца како село или селиште во Полог не постои. Уште може да се заклучи дека населението во Крушојца сигурно било православно и македонско. Како што е познато, обично во таквии села се правени муслимански завештавања, а освен тоа македонски биле и сите соседни населби.

Крушојца е раселена во 19 века. Не се знае само зошто е тоа извршено ни дека е населено населението по раселувањето.

*Дрвник.* — Било мало село во подножието од Шар-Планина, мег'у денешни Камењане на Ј, Ноаке на З и Долно Палчиште на С. На местото дека лежел Дрвник сега се ниви. Нивните топографски имиња се: Дрвник или Дрник, Подрник, Ливади, Прекачи, Ноачица и други. Постои и чешма викана Дрвник.

---

[14]) Преписот на тапијата од Реџеп паша сега се наоѓа при др. Х. Поленаковиќ, унив. проф. во Скопје. На Х. Поленаковиќ сум благодарен што ми овозможи податоците од тапијата овде да ги исползувам.

Дрвник било старо православно село населено со македонски соеви. Сите они живеале на своје земјиште. Подоцна, на крајот од 18 или во почетокот од 19 век, во Дрвник се доселил еден муслимански сој, кој дошол од Љума во Албанија. Доселените муслимани биле „катили“ и затоа во селото завладеал „зулум“. Тоа било причина што се сите православни фамилии од селото иселиле. Последни се иселиле Столевци. Они, бегајќ'и „од присила“, се населиле и сега живат во Долно Палчиште (4 к, св. Г'орг'е Алимпије). Они од Дрвник се иселиле околу средината на 19 век. Столевци од Долно Палчиште имаат 3 фамилии иселени во Тетово и една во Румунија. Останалите македонски соеви од Дрвник отишле пред Столевци и тоа во Ноаке (таму денес не се очувани, оти е селото муслиманско), во Тетово и на други страни.

След иселувањето на старите православни соеви, во Дрвник останале да живеат само доселените муслимани. Но они не сакале да бидат сами во населбата, па затоа, на почетокот од втората полоина на 19 век, се населиле во Долно Палчиште. Таму они, по селото оддека дошле, се завикани Дрник или Дрничани (17 к). На тој начин село Дрвник се претворило во пусто селиште.

Додека во Дрвник живеале православни македонски соеви, селото имало црква и гробови. Денес како што се кажува, се познава по некоа плоча од гробоите и темели од кук'ите. Околу нив сето земјиште е обработено и оно главно им прапаг'а на доселените муслимани од сојот Дрник, сега населени во Долно Палчиште.

Населението во Долно Палчиште мисли дека селото Дрвник добило име по шумата, која била околу него обрастена.

*Старо Село.* — Денес пусто селиште во долината на Боговињска Река[15]). Селото топографски било врзано за зарамнето земјиште високо околу 1000 м. Оно се наог'а на 1 км јужно од денешно Ново Село. Имињата за поедини делои на синорот се: Старо Село, Вари Јајца, Осој, Краиште, Мечкина Ливада, Голишта. На синорот се наог'аат и чести извори.

Постои општо прикажување дека Старо Село по население било православна македонска населба и во неа постоела црква. Подоцна сите соеви од селото се иселиле „од зулум“[15₁]) Земјиштето, шумите и пасиштата по тоа ги при-

[15]) На карта (секција „Гостивар—Кичево“, размер 1 : 100.000) реката е означена како Новоселска.

[15₁]) Спореди Р. Николић: Ширење Арнаута у српске земље, Гласник Српског Географског друштва, свеска 3 и 4, Београд 1914, стр. 120.

своиле муслимани, кои се доселиле пред околу 185 години во соседното новоформирано Ново Село.

Сега од Старо Село се знаат имиња на некои иселени соеви. Таквие се: Т и п и ц о и (20 к, Петковден и Спасовден), Љ у б е в ц и (3 к, Петковден и Спасовден), К у к у р и к о и (3 к, св. Никола и Спасовден), Т р л а к' о и (12 к, Петковден и Спасовден) и Ш у к о и (3 к, св. Никола и Спасовден). Сите сега живеат во Челопек. Типицои во Челопек се доселиле „како три брата" пред околу 200 години. Како причина за иселувањето од Старо Село наведуваат притисок од околните муслимани, кои настојавале да ги поисламат. И Љубевци во Челопек се доселени кога и Типицои.

Според предните соеви, како што се прикажува, од Старо Село има иселени фамилии и на други места. Мег'у последните иселеници бил селскиот свештеник. Он, по кажување на муслиманите од соседно Ново Село, бил богат со кози, имал кук'а во долниот селски дел и поседувал лозја.

Раселувањето на Старо Село се вршило постепено и тоа сосем е извршено во поново време. Ова се гледа не само по традицијата, туку и по материјални остатоци: селаните од Ново Село паметуваат кога се познавале во Старо Село остатоци од кук'и, споредни згради и корање во лозјата. На местото дека било селото сега се новоселски ливади.

*Прце.* — Селото лежело на котлинското дно крај сегашниот пат Гостивар—Тетово. Тука денес заватува синорот од село Теново. Местото дека лежело селото се наог'а под ниви. Топографските имиња за нивите се: Ваденце и Прце.

Се прикажува дека во Прце наврак'але „зулумк'ари". Заради тоа селаните оттаму постепено се иселиле и осноале ново село Теново околу 4 км по источно. На местото дека е Теново селаните од Прце понапред имале трла. На новооснаното село селаните му дале име Теново; велат по тоа, оти оно лежело на скриена и повисока положба („местото било тена").

Во старото село Прце живеале овие денешни православни македонски соеви: Г'о р г'и ј о в ц и (7 к), Н о в а к о в ц и (2 к), В л к а н о в ц и (5 к), А т л е в ц и (4 к) и Ј о в а н о в ц и (2 к). Сите они сега живеат во Теново. Дали имало и други соеви во Прце на околните селани денес е непознато.

Опустошувањувато на село Прце изгледа дека е извршено релативно рано. Тоа се гледа по традицијата и по тоа што на селиштето сега остатоци од населба не се познаваат. По раселувањето на селото, синорот околу Прце останал во своина на селаните од Теново (Долни Полог).

*Липјане*. — Липјане е пусто селиште; се наог'а десно од Вардар на возвишење мег'у села Челопек и Стримница[16]. Земјиштето на кое лежело селото сега чини составен дел од челопечкиот синор. Селските нивје во поголем дел припаг'аат на Челопек, а нешто мало и на Стримница.

Во пишани извори Липјане како село прв пат се споменува 1795 година. Споменот е очуван во вакуфнамата на Рецеп паша од Тетово. Тогај завештачот, според останалите имоти во Полог, увакуфил еден забран; он се наог'ал на земјиштето од тетовскиот срез „у селу Липјан". Сосем е сигурно да се овој спомен однесува на оваа населба[17]).

Општо е предание дека Липјане било село со православно македонско население. Во него имало и црква. Местото дека лежело селото сега се вика Липјане, а крај него е топографско име Црквица. На тоа место, велат, бил стар селски храм.

Подоцна селото е раселено. Сега се знаат и некои соеви кои сигурно живеале во Липјане. Тие се: Т р а ј к о с к и (8 к, св. Никола и Митровден), живеаат во Челопек. Тука се доселени преди околу 155 години (Јоше, жив 65 години-Димо-Кузман-?-Трајко, кој се доселил). Од Липјане кажуваат дека „разбегале од змии". Три нивни фамилии од Челопек се иселиле во Скопје. — Г у н о ј (4 к, Митровден и Спасовден), сега живеат во Челопек. Таму дошле кога и Трајкоски. — С т о ј ч е в ц и (34 к, Спасовден), живеат во Жилче од преди 180 години (Станче, жив 60 години-Тодор-Антон-Милош-Трпче-Стојче). За нив се вели дека се иселиле од Липјане оти таму бил „змијарник". Стојчевци во Липјане биле богати со стока и имале 12 коњи „под седло". Од овој сој преку Жилче има иселени фамилии во Тетово (2) и Пловдив (1).

*Млаки*. — Било мала населба југоисточно и близу до Челопек. Тука се сега челопечки лозја.

По население Млаки било православно македонско „селце". Се знаат два последна соја кои оттаму преминале во Челопек. Тие се: В е с е л к о и (6 к, св. Илија) и Р у с и н о и (4 к, св. Никола и Спасовден). Они прикажуваат дека нивните стари од Млаки се иселиле релативно рано. Како причина за иселувањето наведуваат што селото било мало и изложено на зулуми. Од обата спомната соја по една фамилија преку Челопек се иселила во Румунија.

Остатоци од згради денес на селиштето не се познаваат.

*Јаребино*. — Сега пусто селиште околу 2 км северно од

[16]) Ѓ. Петров 1896 година погрешно запишал дека старото село Липјане се наоѓало меѓу Челопек и Лешница (Материали..., стр. 455).

[17]) Препис од тапијата се наоѓа при др. Х. Поленаковиќ.

Желино. Селото се наог'ало на возвишење денес викано Јаребино (десно од Вардар) и во неговото подножие на место викано Борбашево.

Општа е традиција дека Јаребино било големо православно македонско село. Во него постоела црква посветена на св. Г'орг'е. Се прикажува и за многобројни селски девојки кои на Г'ург'овден се збирале на возвишењето околу црквата, дека „играле и пеале". Ова големо македонско село, кое лежело близу крај патот Скопје-Тетово, не му се допагало на некој паша. Еднаш, како што се прикажува, селаните од Јаребино биле собрани на Г'ург'овден и правеле „џумбус". Тоа пашата сосем го налутило. Затоа он наредил да се уништожи селото за една нок'. Што било речено тоа е, како се мисли, и направено.

Опустошувањето на селото е извршено релативно рано оти денес кај околните селани не се памтат имиња на јаребинските соеви нити се знае дека е некој од нив по раселувањето населен. Во Сиричино пак се кажува само дека едни јаребински селани прешле во Желино, дека постанале чифчии. Али они таму денес не се очувани, оти е сега Желино населено со доселени муслимански соеви. По раселувањето на Јаребино големиот селски синор го присвоиле муслиманите од Желино.

На местото дека било старо Јаребино се прикажува дека се познаваат остатоци од црква и православни гробои. 1913 година темелите од црквата ги откопале селаните од Сарак'инце и тогај они околу нив наог'але сребрени предмети и бакрени пари. След тоа соседните македонски жители редовно се збирале секоја година околу црквиштето на Г'ург'овдан и збирале пари да ја обноват црквата.

*Пештер.* — Селото било на падината од Жеден десно од Вардар при неговото влегување во клисура. Сега на тоа место, во една карсна долиница, се познава широка пештер и пред неа на рамно земјиште очувани се гробја со крстови и стари брестови.

Се прикажува дека Пештер било мало сиромашно село. Населението најмногу чувало кози на Жеден и нив зиме ги затворало во пештерот. Подоцна шумите на Жеден се уништожени и со тоа пасиштата за кози намалени. Така селаните сосем осиромашиле и затоа потполно од селото се иселиле.

Последно население кое се иселило од Пештер се Кромидаровци (7 к, св. Никола). Они денес живеат во соседното полско село Подбрег'е. Не се знае точно кога се нивните стари тргнати од Пештер. Они во Подбрег'е дошле на чифлик. По доселелувањето во Подбрег'е Кромидаровци долго време своите умрени ги носиле за закопување во Пе-

штер. Како причина за преселувањето во Подбрег'е некои од нив наведуаат „страв од змиии“. Од Кромидаровци една фамилија од Подбрег'е преминала во Тетово, дека подоцна изумрела.

Синорот на село Пештер, кој бил на Жеден, повек'е му припаднал на соседното село Јегуновце.

*Дворце.* — Селото било на тераса во проширениот дел од Жеденска Клисура десно од Вардар. Тука постоат топографски имиња: Дворце, Љуги Кишес (Црквен Дол), Г'ури Маркут (Марков Камен) и други.

По народната традиција Дворце било старо и големо село. Личело, велат, „на град“ со дук'ани, еден манастир и тука бил „на војвода двор“. По тоа се мисли постанало и името Дворце.

Старостта на Дворце се гледа и по пишани извори. 1470 година Кјебир Мехмед бег на двајца свои синои, според останалите имоти во Полог, увакуфил свое пасиште на Жеден. Пасиштето на едната страна се ширело до патот што водел од Змииница во Удварце и до патот „што води из Радотинца за Удварце“. Од Удварце границата излагала „позади манастира“, па оттаму надолу се спуштала во Вардар[18]). Сигурно споменот за село Удварце се однесува на Дворце. Тоа се гледа не само по името на селото, туку и по имињата на останалите места и по манастирот.

Старото македонске Дворце подоцна било уништено. Земјиштето околу селото во 19 век било својина на Мемет паша Дерала од Тетово. На неговиот чифлик доаг'але секое лето да работат повремено македонски селани од Раотинце. Тоа таке било до 1918 година кога селаните земјата ја присвоиле. След тоа настапил спор и, како велат селаните, Алим бег син на Мемет паша „како кралски повереник“ земјата 1926 година опет ја повратил и истата ја отстапил на некои Албанци од Котлина (Качаничка Клисура). Они последниве години тука почнале да прават кук'и и веројатно со тоа селото к'е се обнови.

## *В. Општ поглед*

Полог во минато имал доста неповолни прилики. Тоа јасно се изразило и во потполното уништување на знатен број од стари села. Напред се изнесени податоци за 23 села кои сега не постоат. Од нив 10 села се наог'але во Горни, а 13 во Долни Полог. Нивниот број не е дефинитивен, оти по-

---

[18]) Гл. Елезовић: Вакуфија џамије Кјебир Мехмед Челебије..., стр. 457.

стоаат и други таквии села кои, и според сета трижливост при испитувањето, засега останаа неутврдени[19]).

*Положба.* — Уништените села, за кои е овде збор, лежеле на различни положби: на котлинското дно, на границата од котлинското дно и страните, на планинските падини и во клисура.

На котлинското дно лежеле шест села: Горно Фалише, Пилигринце, Драгош (Г. Полог), Злакук'ане, Крушојца, Прце (Д. Полог). Овие села топографски заватувале тло кое не е изложено на поплави, располагале со плодна зиратна земја и затоа во турско време они биле пополно или во еден дел почифличени.

Седум села лежеле воглавно на границата од котлинското дно и планинските страни. Тие се: Поточане (Г. Полог), Моравце, Дрвник, Липјане, Млаки, Јаребино и Пештер (Д. Полог). Овие села, со исклучение на Пештер, имале подесни стопански услови оти се наог'але на граница од земјоделска површина на една и сточарско-шумска на друга страна. Од нив, изгледа, едино село Липјане било во еден дел чифчиска населба.

Поголем е бројот на селата кои по положба биле планински; оти лежеле релативно високо на котлинските падини. Такви села имало девет и тоа: Смрдеш, Русино, Грнчаре, Бркињоо, Пеклиште, Катрање (Г. Полог), Селиште, Селце и Старо Село (Д. Полог). Животот во овие села бил воглавно екетензивен: сточарско-шумарски, а во еден мал дел селаните се занимавале и со планинско земјоделие.

Положба во клисура имало село Дворце.

*Тип.* — За типот на селата кои сега не постоат може да се изнесе само следново. Најголемиот број од напред спомнатите села бил со збран тип. Нивните кук'и биле групирани една поред друга и веројатно е дека, како и кај денешните полошки села, родбинските кук'и се наогалле близу поредени. Кај збраните чифчиски села сосем сигурно типот бил исто онаков како што е познат и кај останалите таквие населби: со земјени бедни ниски згради за чифчии и со кула

[19]) Во пишани извори се споменуваат уште полошки села: Крпина, Млачице, Лесковјани, Брод, Дреновец, Избица, Живокјунче, Трмчиште, Калуѓеровљане (Ст. Новаковић: Законски споменици, 422; Споменик Академије наука, III, стр. 27—30, 36—40; Гл. Елезовић: Турски извори за нашу историју, Број 11, стр. 129, Број 12, стр. 165; А. М. Селищев: Спомнато дело, стр. 93, 94, 96; Зборник за историју Јужне Србије I, Скопље 1935, 14 XXXI; М. Пурковић: Попис села у средњевековној Србији, Годишњак Скопског Филозофског факултета, IV, Скопље, 1940, стр. 100). Сите спомнати села денес не постоаат. Во Полог имало стари уништожени села во поголем број, али многу од нив се обновени со наше или со доселено муслиманско-албанско население. За тие села ќе изнесем податоци на друго место.

во средина во која живеал субашата. Ова јасно се гледа и по остатоците од ѕидои во Горно Фалише.

Гунчаре било со растурен тип. Неговите кук'и лежеле во групи, кои мег'усебе биле прилично раздалени.

*Население.* — Предните податоци јасно покажуваат дека **села та кои сега не постоат во Полог по население биле сите македонски.** Во нивниот поголем број (за 17 села) наведени се имињата на поедини соеви, славите и местата дека се они иселени (Горно Фалише, Смрдеш, Русино, Грнчаре, Бркињоо, Пилигринце, Катрање, Поточане, Драгош, Моравце, Селце, Дрвник, Старо Село, Прце, Липјане, Млаки, Пештер). За селата во кои не се знаат соевите (шест села) етничкиот македонски карактер се потврдува по остатоци од црквишта, по топографски имиња, по имињата на селата, по понапрежниот македонски карактер на соседните населби и по пишани спомени (Пеклиште, Злокук'ане, Селиште, Крушојца, Јаребино, Дворце).

Населението во селата кои сега не постоаат било уништувано (Пеклиште, Јаребино, Дворце и други) или раселувано. Поодредено се знае за иселените соеви кои преминувале во соседните македонски села (од: Горно Фалише, Смрдеш, Катрање, Поточане, Драгош, Селце, Дрвник, Старо Село, Липјане, Млаки, Пештер) или во близина на селиштата основале нови населби и под други имиња (Русино, Грнчаре, Бркињоо, Пилигринце, Моравце, Прце). Заради приликите во минато, они настојавале да извршат што појака национална концентрација. Било и доста иселеници кои се иселиле надвор од Полог, нарочно во Војводина, Србија и Бугарија. Овие иселеници претставуваат дел од една поголема македонска емиграција, која од Полог јако се вршела за време на последните векои од османлиската владавина.

*Време и причини за уништувањето.* — Едни полошки села биле уништожени на крајот од 17 век за време на аустро-турската војна. Аустриската војска и востаниците тогај сигурно навлеге во Полог што се гледа по полошките иселеници од тоа време и по многу тогај уништени, па подоцна на истото место обновени населби. Возможно е да се во тоа време уништени: Русино, Грнчаре, Бркињоо, Пеклиште, Поточане, Злокук'ане, Селце, Моравце, Дворце. Кај едни од овие села тоа се поклопува со бројот на појасите (колена) кои се паметат и по тоа што се наведува за некои од нив дека да имаат иселеници кои преминале во Војводина. Причина за тогај уништожените населби е турската освета за ради участвувањето на нашиот свет на страната од Аустријанците.

Другите села вoглавно се уништувани подоцна. Кај едни се наведува дека уништувањето било извршено заради тоа

што селата лежела крај патишта и таке биле изложени на навратување од разни минувачи и на нивните зулуми. Заради тоа што лежеле крај патишта, се раселени, како што изгледа, селата: Пилигринце, Прце, Драгош. Точно време за раселувањето кај нив не се знае, но по се е можно дека е тоа извршено во 18 или на почетокот од 19 век.

Зулумот. како причина за раселување, се наведува и кај останалите населби. Така од насилија и зулуми раселени се село Смрдеш, Млаки, Јаребино, Катрање, Дрвник, Старо Село. Како се наведува, зулум чиниле разни насилници. При овој начин селата воглавно постепено се раселувале (осем Јаребино). Последните соеви кај некои на овој начин раселени села од старите населби отишле во текот на 19 век (Смрдеш, Дрвник, Старо Село, Катрање).

Занимлив е случајот како е раселено селото Горно флаше. Оно до околу 1870 година било чифчиска населба. Тогај власниците од чифликот селото со синорот го продале на околните селани. Заради тоа сите стари селски соеви морале да се иселат, оти на местата дека им лежеле кук'ите новите власници земјата во ниви ја претвориле.

Оделна е причината за раселувањето на селото Пештер. Оно се раселило заради економски причини, оти шумите и пасиштата на Жеден за козите се намалиле и затоа населението отишло во соседни побогати села ( во Подберг'е и други).

За некои села не е возможно да се установи поодредено причината за раселувањето. Тие се: Крушојца, Селиште, Липјане. Вјеројатно е дека се и кај нив застапени некои од предните причини кои во турско време најчесто дејствувале. Временски нивното раселување се врзува за 19 век.

Синорите на селата кои сега не постоат во Полог имале во главно двојна судбина. При случајот да селаните, напуштајки го старото село, во близината основувале ново, или се приберувале во соседни населби, тогај и синорот воглавно останувал во власништво на старото население, односно на соседните села во кои овие се населувале. Таков е пример денес со синорот од околу 10 села: Пилигринце, Прце, Русино, Грнчаре, Бркињоо, Катрање, Селце, Моравце, Млаки, Липјане. Синорот од другите 13 села по раселувањето на нивното население го присвојувале муслимански доселеници од Албанија (осум села: Драгош, Смрдеш, Пеклиште, Дрвник Старо Село, Поточане, Јаребино, Дворце) и православни Македонци од останалите полошки населби (пет села: Горно Фалише, Крушојца, Злокук'ане, Селиште, Пештер).

На земјиштето дека лежале спомнатите раселени села сега се во најголем дел ниви.

1947 година, Скопје.

ИОВ. Ф. ТРИФУНОСКИ

## СЁЛА, НЕ СУЩЕСТВУЮЩИЕ В НАСТОЯЩЕЕ ВРЕМЯ В ПОЛОГЕ

*(Резюме)*

Автор излагает данныя, собранныя на терене и в литературе о 23 сёлах, которыя теперь не существуют в Пологе (область в северозападной Македонии).

Все они были старые македонския сёла, большей частью средневековыя. Сёла в главном были уничтожены в конце 17 века и в течение 18 и 19 веков. Одни сёла уничтожены за австро-турецкой войны (1689—1690 г), другие из-за разбойничества, иныя по той причине, что находились вблизи дорог и т. д.

В труде опубликована карта на которой локализованы все сёла, которые теперь не существуют в Пологе. Из ней ясно видно, что сёла имели различное положение: лежали на дне котловин, на границе между дном котловин и падин, на горных сторонах и в ущельях.

Синории сёл не существующих в настоящее время имели в главном двоякую судьбу: одни до настоящего времени остались как собственность старого расселённого населения, что поселилось в соседних сёлах (10), а другие синории присвоили мусульманские пришельцы по происхождению из Албании (8) и православные македонцы из разных положских сёл (5).

На земле, на которой лежали расселённые сёла, теперь по большей части нивы, на которых производятся раскопки остатков домов, могил и церквей.

---

JOVAN F. TRIFUNOSKI

## LES VILLAGES QUI N' EXISTENT PLUS EN POLOG

*(Résumé)*

L'auteur de cet article apporte des données recueillies sur le terrain et dans la littérature pour 23 villages qui n'existent plus en Polog (contrée de la Macédoine du nord-ouest).

Tous ces villages ont été des vieux villages macédoniens, pour la plupart du moyen âge. Ils sont détruits de la fin du XVII^e^ jusqu' au XIX^e^ siècles. Les uns sont détruits durant la guerre autrichienne – turque (1689—1690), les autres par suite de la tyrannie ou par le fait qu'ils étaient près des communications etc.

Dans cet article est inséré une carte sur laquelle sont marqués tous ces villages de Polog qui n'existent plus. On y voit bien que ces villages ont eu des situations différentes: ils étaient situés dans la plaine, sur la ligne de la plaine et des coteaux, sur les pentes des montagnes ou dans les défilés.

Les territoires des villages qui n'existent plus ont eu un sort double: les uns sont restés jusqu'à présent la propriété de l'ancienne population qui devait quitter son village et s'établir dans les villages voisins (10), les autres étaient appropriés par les immigrants musulmans venants d'Albanie (8) et par les Macédoniens orthodoxes venants de différents villages de Polog (5).

Le sol, sur lequel étaient situés ces villages déjà depeuplés, est transformé en champs dans lesquels on retrouve les restes des maisons, des tombeaux et d' églises.